| | |
|---|---|
| Предмет | ИНТЕРНА МЕДИЦИНА-КЛИНИЧКА ПРАКСА |
| Студиска програма | Општа медицина |
| Код: | СМ 611 |
| Студиска година | Шеста ( VI) |
| Семестар | Единаесетти - дванаесетти (XI-XII) |
| Вкупно часови | 320 |
| Кредити | 14 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Добиени кредити (положен испит) од Интерна медицина |
| Изведува: | Катедра по интерна медицина |
| Одговорен наставник | Проф. д-р Кочо Чакалароски |
| Адреса: | Катедра интерна медицина, Водњанска 17, Скопје, Тел: + 389 2 3147 114; e-mail: kcakalaroski@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Медицински факултет, додипломска настава, задолжителен предмет, пракса по интерна медицина |
| Учебни цели | Запознавање со дијагностичките и терапевтските процедури од областа на интерната медицина |
| Кратка содржина | • Прием на пациент во болнички услови<br>• Особеност на земање на анамнеза на секој оддел<br>• Особеност на клиничкиот преглед на пациентот на одделите за:<br>  • Хематологија<br>  • Кардиологија<br>  • Ендокринологија<br>  • Пулмологија<br>  • Гастроенерологија<br>  • Нефрологија<br>  • Ревматологија<br>  • Токсикологија<br>  • Фамилијарна медицина<br>• Создавања на алгоритам на дијагностичка постапка, работна дијагноза и план за лекување на поединечни клинички случаи<br>• Учество во практичната работа на одделите<br>  • анализа на урина,<br>  • крвна слика и размаска,<br>  • пре-трансфузиони тестови со легална документација,<br>  • инсерција на уринарен катетер,<br>  • ректално туше и ректоскопија<br>  • ЕКГ (техника и анализа), Ехо на срце, коронарен стрест тест<br>  • Коронарографија, ПТЦА, стентирање<br>  • кардиопулмонална ресусцитација,<br>  • интерпретација на Ртг на бели дробови,<br>  • инјекции (субкутано, интрамускулно, интравенски).<br>• Ќе ги види и асистира на интервенциите:<br>  • стернална пункција и размаска, биопсија на коска и коскена срцеина<br>  • плеурална пункција,<br>  • абдоминална пункција,<br>  • инсерција на гастрична туба и гастрична лаважа,<br>  • инсерција на централен венски кактетер,<br>  • мерење на централен венски притисок,<br>  • гастроскопија, гастролаважа<br>  • трахеална интубација, |

<table>
<tr><td></td><td>

- артефициелна вентилација,
- биопсија на бубрег, нефростома
- урокатетеризација
- хемодијализа
- перитонеална дијализа.
- Интреартикуларна инјекција , пункција на зглоб, дијализа на зглоб

</td></tr>
<tr><td>Организација</td><td>Пракса: 320 часа<br>Наставата ќе се организира во тек на 8 работни недели со полно работно време од 8 часа. Ќе бидат организирани 4 турнуси во текот на XI и XII семестар. Три дена ќе бидат организирани во амбулантите за фамилијарна медицина.<br>Се одвива во групи од по 2-5 студенти на менторски принцип со професори и асистенти. Во тек на турнусот се менуваат одделите и менторите.<br>Секојдневните активности на студентот ќе се бележат во посебен „дневник на активности", кои ќе бидат верифициарни со потпис на менторот.</td></tr>
<tr><td>Методи на учење</td><td>

- Учество на стручните состаноци на клиниката
- Учество на утрински визити
- Учество во секојдневната работа на одделенијата при клиниките
- Учество во интервенции од областа на интерната медицина

</td></tr>
<tr><td>Предвидени учебни резултати</td><td>Знаење и разбирање:<br>Студентот ќе се стекне со теоретско знаење од областа на интерната медицина кои се однесуваат на прием на пацинет во болнички услови, ќе ги запознае особеностите на земање на анамнеза на секој оддел, како и особеностите на клиничкиот преглед на различни оддели. Ќе ги запознае постапките за поставување на работна дијагноза и план за лекување на поединечни клинички случаи.<br>Клучни вештини:<br>Студентот ќе се стекне со вештина на современото клиничко проценување и лекување. Ќе биде оспособен самостојно да направи прием на болен, анализа на урина, крвна слика, пре-трансфузиони тестови со легална документација, инсерција на уринарен катетер, ректално туше, ректоскопија, ЕКГ (техника и анализа), кардиопулмонална ресусцитација, интерпретација на Ртг на бели дробови, инјекции (субкутано, интрамускулно, интравенски).<br>Ќе ги види и асистира на интервенциите: стернална пункција и размаска, плеурална пункција, абдоминална пункција, инсерција на гастрична туба и гастрична лаважа, инсерција на централен венски кактетер, мерење на централен венски притисок, гастроскопија, трахеална интубација, артефициелна вентилација, перитонеална дијализа.</td></tr>
<tr><td>Специфични препораки за наставата</td><td>Студентот е задолжен да присуствува и активно да учествува во праксата во тек на турнусот<br><br>Бодирање на активностите на студентот:
<table>
<tr><td>Вид на активност</td><td colspan="2">Бодови</td></tr>
<tr><td></td><td>Мин</td><td>Макс</td></tr>
<tr><td>Пракса*</td><td>60</td><td>100</td></tr>
</table>
*Пракса: 40 дена по 8 часа<br>присуство: 1,3 бода<br>активност: 1,2 бода<br>Оценувањето на студентот е описно (положил)</td></tr>
<tr><td>Учебни помагала</td><td>

- Серафимоски В, главен уредник. Интерна медицина. Скопје: Македонска ризница, Куманово,2003.
- Серафимоски В, главен уредник. Интерна пропедевтика. Скопје: Мекедонска ризница, Куманово, 2004

</td></tr>
</table>